Барање за издавање на Задолжителна тарифна информација се поднесува само за еден тип на стока за која треба да се приложат мостри, фотографии, цртежи, каталози, сертификати за квалитет на стоката или други расположиви документи. Ако за издавањето е потребна анализа или експертиза за стоката, тогаш се наплаќаат и реалните трошоци за извршената анализа или експертиза.

За поднесување на барањето се наплаќа административна такса во висина од 350 ден., се плаќа во готови пари со налог за плаќање на јавни давачки ПП 50, кој мора да се пополни на следниот начин:

Трезорска сметка 100-0000000-630-95
Уплатна сметка 840-XXX-03161
Приходна сметка 722313 00

XXX значи запишување на шифра на општината во која има седиште уплатувачот на таксата.